Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по предлог на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија согласно чл. 94 ст.6 од Законот за јавното обвинителството, на одржаната седница на 18.05.2021 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ЗА СТОРЕНА ДИСЦИПЛИНСКА ПОВРЕДА

## Член 1
## Основна одредба

Со овој Правилник се уредува постапката за утврдување на одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда при вршењето на функцијата, согласно чл.89 до 95 од Законот за јавното обвинителство.

## Член 2
## Сознанија за дисциплинска повреда

1. Сознание за сторена дисциплинска повреда е секоја информација која ја добил овластениот предлагач за поведување на дисциплинска постапка.

2. До сознанието дека јавен обвинител сторил дисциплинска повреда, овластениот предлагач може да дојде по службена должност врз основа на извршен надзор согласно чл.28 од Законот за јавното обвинителство или на било кој друг начин.

3. Сознанието дека е сторена дисциплинска повреда од јавен обвинител е основ за овластениот предлагач да поведува дисциплинска постапка, да прибира податоци и докази, да изврши увид во предмети и да презема активности за проверка на веродостојноста на сознанието.

4. Доколку по спроведените активности за проверка на сознанијата за сторена дисциплинска повреда, овластениот предлагач оцени дека нема основа за поднесување на предлог за дисциплинска постапка, составува службена белешка.Доколку службената белешка е составена од виш јавен обвинител, примерок се доставува до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## Член 3
## Предлог за поведување на дисциплинска постапка

1. Образложен предлог за поведување на дисциплинска постапка, овластените јавни обвинители ќе поднесат кога од сите добиени сознанија или прибрани докази ќе утврдат дека постои основано сомнение за сторена дисциплинска повреда.

2. Образложен предлог за поведување на дисциплинска постапка се поднесува во рок од 3 месеци од денот на добиените сознанија за повредата и сторителот, но не подоцна од 2 години од денот на сторувањето на повредата.

3. Кон предлогот за поведување на дисциплинска постапка, подносителот е должен да ги достави сите прибрани докази.

4. Поднесениот предлог за поведување на дисциплинска постапка, подносителот не може да го повлече.

**Член 4**
**Дисциплинска комисија**

1. Постапката за утврдување на одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда во вршењето на јавнообвинителската функција ја спроведува дисциплинска комисија од пет члена и нивни заменици.

2. По еден член на Комисијата и негов заменик се избира од страна на стручните колегиуми на четирите виши јавни обвинителства и еден член го бира колегиумот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со мандат од четири години.

3. Изборот на членовите на дисциплинската комисија и нивните заменици се врши со јавно гласање. Избран е кандидатот кој освоил мнозинство од вкупниот број на членови на колегиумот.

4. Доколку има повеќе предлози за членови на дисциплинската комисија и нивни заменици, изборот се врши со тајно гласање. Во ваков случај избран е кандидатот кој добил мнозинство од членовите на колегиумот кои гласале. Кандидатот кој е втор по бројот на освоени гласови се смета дека е избран за негов заменик.

5. Конститутивната седница, комисијата ја одржува во рок од 30 дена од денот на извршените избори за членови на комисијата.

6. На првата конститутивна седница, комисијата од своите редови со тајно гласање избира претседател и заменик со мандат од четири години.

7. Мандатот на избран член на дисциплинската комисија му престанува и пред времето за кое е избран доколку против него е поднесен предлог за поведување на дисциплинска постапка согласно одредбите од Законот за јавното обвинителство или доколку му престане функцијата јавен обвинител.

8. Мандатот на избран член на дисциплинската комисија може да престане и од други оправдани причини, за што одлучува колегиумот на јавното обвинителство кој што го избрал.

9.Стручните и административните работи на дисциплинската комисија ги извршува генералниот секретар во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Тој е присутен на сите седници и гласање на комисијата, за што води записник кој се потпишува од сите членови на комисијата и од него. Сите списи и

записниците се запечатуват и се чуваат во рок од пет години од крајот на календарската година во која била завршена дисциплинската постапка.

**Член 5**
**Изземање**

За изземање на претседателот, член или заменик член на дисциплинската комисија одлучува стручниот колегиум на Јавното обвинителство од член 4 став 2 од овој Правилник.

**Член 6**
**Основано сомневање за сторена дисциплинска повреда**

1. Постапка за утврдување на одговорност на јавниот обвинител во вршењето на јавнообвинителската функција, се спроведува кога постои основано сомневање дека јавниот обвинител сторил тешка дисциплинска повреда од чл.91 или лесна дисциплинска повреда од чл.92 од Законот за јавното обвинителство.

2. Постапка за утврдување на одговорност на јавниот обвинител, се спроведува кога постои основано сомневање дека јавниот обвинител сторил дисциплинска повреда од чл.91 или чл.92 од Законот за јавното обвинителство.

**Член 7**
**Претходно испитување на предлогот за поведување на дисциплинска постапка**

1. По приемот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, а заради испитување на основаното сомневање дека јавен обвинител сторил дисциплинска повреда, дисциплинската комисија од своите членови определува еден известител.

2. Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, заедно со сите докази, известителот го доставува на јавниот обвинител против кого е поднесен, без одлагање. Јавниот обвинител против кого е поднесен предлогот за поведување на дицсиплинска постапка, има право писмено да се изјасни за наводите во предлогот во рок од 5 дена од приемот на предлогот.

3. Доставата на предлогот за дисциплинска постапка по правило се врши на работното место каде јавниот обвинител ја извршува функцијата или на адреса на живеалиштето или престојувалиштето доколку такво има пријавено. Доставата е лична и се смета за уредна доколку е лично потпишана од јавниот обвинител против кого се однесува предлогот. Доколку не може да се изврши доставата, предлогот се закачува на огласна табла во Јавното обвинителство во кое јавниот обвинител ја извршува фунцијата , при што, по истекот на осум дена се смета за уредна достава.

4. Јавниот обвинител против кого е поднесен предлог за поведување на дисциплинска постапка, покрај неговото писмено изјаснување по наводите во предлогот, може да предлага и свои докази.

5. По приемот на писменото изјаснување и доставените докази од страна на јавниот обвинител против кој е поднесен предлогот (освен во случај на ст.3 од овој член), или по истекување на рокот за писмено изјаснување во кој јавниот обвинител не поднел изјаснување, известителот изготвува свој писмен извештај и го доставува до дисциплинската комисија.

6. Дисциплинската комисија на седница, по претходно запознавање со извештајот на известителот, со мнозинство на гласови донесува одлука за основаноста на сомневањето за сторена дисциплинска повреда.

7. Ако комисијата оцени дека не постои основано сомневање за сторена дисциплинска повреда од јавниот обвинител, донесува заклучок со кој констатира дека не се поведува дисциплинска постапка. Заклучокот содржи кратко резиме на фактите и образложение за причините поради кои не се поведува дисциплинска постапка.

8. Примерок од заклучокот се доставува до јавниот обвинител против кој е поднесен предлогот за поведување на дисциплинска постапка и до подносителот на предлогот.

9. Против заклучокот на комисијата не е дозволена жалба.

**Член 8**
**Поведување на дисциплинска постапка**

1. Доколку дисциплинската комисија не донела заклучок врз основа на чл. 93 ст.4 од Законот за јавното обвинителство, донесува решение за поведување на дисциплинска постапка.

2. Примерок од решението се доставува до подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка и до јавниот обвинител против кого се спроведува дисциплинска постапка.

3. Кога е донесено решение за спроведување на дисциплинска постапка за сторена тешка дисциплинска повреда по чл.91 од Законот за јавното обвинителство, која се однесува на вршење на јавнообвинителската функција, дисциплинската комисија може да побара од непосредно повисокиот јавен обвинител, на јавниот обвинител против кого се води дисциплинската постапка да изврши вонреден надзор и контрола согласно чл.28 од Законот за јавното обвинителство. Извештајот од извршениот надзор и контрола се цени како доказ во дисциплинската постапка.

**Член 9**
**Сослушување на јавен обвинител**
**против кого се води постапката**

1. Јавниот обвинител против кого се води дисциплинската постапка има право да биде сослушан пред дисциплинската комисија, во присуство на бранител, како и да предлага докази.

2. Сослушувањето на јавниот обвинител ќе трае онолку колку што е неопходно заради утврдување на фактичката состојба, при што е исклучена јавноста.

3. За сослушувањето се води записник, кој на крајот освен од членовите на комисијата и секретарот, го потпишува и јавниот обвинител кој се сослушува. Ако некој одбие да се потпише на записникот причините за тоа се внесуваат на крајот на записникот.

4. Јавниот обвинител може да предлага изведување на докази во своја одбрана.

5. Предлогот за изведување на нови докази може да биде одбиен од комисијата, ако:

- изведување на доказите е непотребно,
- тие се ирелевантни за одлуката на комисијата,
- нивното изведување е невозможно или
- ако со нив само се одолговлекува постапката.

За одбивањето на нови докази во записникот се наведува соодветно образложение.

6. Јавниот обвинител иако претходно доставил своја писмена изјава согласно чл.93 ст.3 од Законот за јавното обвинителство, го задржува правото да биде сослушан пред дисциплинската комисија согласно став 1 од овој член или може повторно да даде писмена изјава.

7. Доставата на поканата за сослушување на јавниот обвинител во постапката пред дисциплинската комисија, се врши согласно чл.7 ст.3 од овој Правилник.

8. На расправата пред дисциплинската комисија се повикуваат подносителот на предлогот за поведување дисциплинска постапка, јавниот обвинител против кого се води постапката и неговиот бранител, како и сведоците. Ако подносителот на предлогот и јавниот обвинител против кого се води постапката се уредно поканети, а не дојдат и изостанокот не го оправдаат, расправата ќе се одржи во нивно отсуство, а за отсуството на сведоците, комисијата ќе одлучи во тек на расправата.

**Член 10**
**Завршување на дисциплинската постапка**

По завршувањето на постапката, известителот до Комисијата доставува писмен извештај во кој се наведуваат: датумот на започнување на постапката,

превземените дејствија, анализа на изведените докази и утврдените факти, одбраната на јавниот обвинител, кои факти се земени за утврдени, која дисциплинска повреда е сторена и предлог каква дисциплинска мерка да биде изречена.

**Член 11**
**Одлуки на Дисциплинската комисија**

1. Дисциплинската комисија на седница расправа по доставениот писмен извештај од известителот и изведените докази и со мнозинство гласови донесува една од следните одлуки:
- Решение за запирање на дисциплинската постапка, ако утврди дека му престанала функцијата на јавен обвинител,
- Решение за ослободување од одговорност, ако утврди дека не е докажано дека јавниот обвинител сторил дисциплинска повреда,
- Решение со кое ќе го огласи за одговорен, ако утврди дека е сторена конкретна дисциплинска повреда и ќе му изрече една од пропишаните дисциплински мерки од член 95 од Законот за јавното обвинителство.
2. Дисциплинската комисија го изготвува решението во рок не подолг од 15 дена од завршувањето на седницата.
3. Ако дисциплинската комисија утврди дека се исполнети условите за изрекување на дисциплинска мерка разрешување на јавниот обвинител, во смисла на чл.93 ст.11 од Законот за јавното обвинителство, ќе донесе решение со предлог до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за изрекување на таа мерка.
4. При изрекувањето на дисциплинска мерка, Дисциплинската комисија ќе ги цени олеснувачките и отежнувачките околности, а особено: тежината и бројот на сторените дисциплински повреди и нивните последици, степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата, однесувањето на јавниот обвинител во текот на дисциплинската постапка и други релевантни околности за изборот на дисциплинската мерка.

**Член 12**
**Право на жалба**

Против решенијата на дисциплинската комисија, учесниците имаат право на жалба во рок од 7 дена од приемот на решението, преку комисијата до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

.

**Член 13**
**Основи на жалба**

Жалбата може да се поднесе поради:

- Суштествени повреди на одредбите од Законот за јавното обвинителство и овој Правилник
- Поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба
- Поради повреда на материјалните одредби кои се однесуваат на дисциплинската постапка
- Поради одлуката за дисциплинската мерка

**Член 14**
**Содржина на жалбата**

Жалбата содржи број на одлуката против која се поднесува, име и презиме на подносителот, основ поради кој се поднесува, образложение и потпис.

Со жалбата не може да се предлагаат нови докази, односно жалителот не може да се повикува на факти кои не биле предложени и разгледани во текот на постапката за донесување на обжаленото решение

**Член 15**
**Одговор на жалба**

Примерок од жалбата се доставува до спротивната странка, која може во рок од 3 дена од приемот да поднесе одговор на жалбата.

**Член 16**
**Изземање на Претседателот и членови на Советот на јавните обвинители**

1. Во жалбата и одговорот на жалба, странките може да бараат изземање на Претседателот или поименично определен член на Советот на јавните обвинители.
2. За изземањето одлучува Советот на јавните обвинители.

**Член 17**
**Предлог за присуство на седница**

1. Доколку со жалбата против предлогот за разрешување е побарано од јавниот обвинител да биде известен за седницата на која Советот ќе одлучува по неговата жалба, Советот е должен да го извести согласно одредбите од овој Правилник.
2. Седницата на Советот ќе се одржи и доколку јавниот обвинител уредно известен не се јави.

**Член 18**
**Постапка по жалба**

1. Советот на јавните обвинители одлучува по жалбата на одлуката – решение на Дисциплинската комисија за изречена дисциплинска мерка и по жалба против решението со предлогот за разрешување.
2. Во постапката по жалба против решението со кое е изречена дисциплинска мерка, Советот може да го укине, преиначи или потврди, а по решението со предлогот за разрешување по повод жалбата или по истекот на рокот кога жалба не е поднесена може да го прифати или одбие.

**Член 19**

**Одлука за разрешување**

1. Одлука за разрешување на јавен обвинител донесува Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови во постапка утврдена со закон.
2. Одлука за разрешување на основен јавен обвинител на основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција донесува Советот со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови.
3. Доколку е изречена мерка разрешување од функцијата јавен обвинител, Советот донесува посебно решение со кое се констатира престанок на функцијата јавен обвинител.
4. Одлуката за разрешување на јавниот обвинител станува правосилна со денот на донесувањето.
5. Против одлукатата на Советот со која е изречена мерка разрешување од функција, јавниот обвинител има право да поведе спор пред надлежен суд.

**Член 20**

**Примена на одредби од други прописи**

Во постапката пред Советот соодветно ќе се применуваат: одредбите од Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, како и одредбите од Законот за јавното обвинителство, кои се однесуваат на дисциплинската постапка.

**Член 21**

**Изменување и дополнување на Правилникот**

Изменувањето и дополнувањето на овој Правилник се врши на начин и во постапка што важи за неговото донесување.

**Член 22**

**Преодна и завршна одредба**

1. Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител донесен од Советот на јавните обвинители од 12.09.2008 година, ("Службен весник на РМ бр.72/2010") и Одлуката за измена и дополнуавње на Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител од 02.12.2010 година ("Службен весник на РМ бр.156/2010").
2. Постапките започнати пред донесување на овој Правилник, ќе завршат согласно одредбите на поранешниот Правилник.
3. Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на РСМ".

Бр.01-15/3
Скопје,18.05.2021 година.

**Советот на јавни обвинители на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Ацо Колевски**